РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 479/1
27 -01- 2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27 - та седница одржана на ден 23.01..2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-1972/1 од 15.07.2025 година против службеното лице -------------, директор на СОУ „ --------------" – Житоше, СЕ ОТФРЛА.
ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, бидејќи пријавените лица не се „блиски лица" согласно член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија се доставени две пријави од непознат подносител против службеното лице -------------, директор на СОУ „ -------------" с.Житоеше со наводи дека се вработени негови блиски лица (сопруга од прв братучед, снаа на сопруга од прв братучед) во наведеното училиште.
Лицата се вработени во училиштето со по минимум часови само за да бидат вработени. Имено, станува збор за лицата ------------ сопруга од прв братучед ------------- на директорот за кој претходно ДКСК има донесено Одлука бр. 09-244/15 од 10.12.2024 година, како и за лицето ------------ сопруга на брат од ------.
Согласно член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
*„Под поимот „блиски лица„ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*до четврт степен, родниниите по сватовство до втор степен, како и секое физичко лице или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.,,*

Крвното сродство претставува врска помеѓу две или повеќе лица кои потекнуваат едно од друго или потекнуваат од заеднички предок. Сродството по сватовство настанува со склучување на брак, со што се засновува правна врска помеѓу едниот брачен другар и крвните роднини на другиот брачен другар.

Согласно член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како „блиски лица,, по сватовство се опфатени до втор степен и тоа: права линија - дедото, бабата и внуци на брачниот другар, странична линија - браќата и сестрите на брачниот другар.

Според наводите во пријавата, службеното лице ----------- директор на СОУ „ ---------------“ с.Житоеше со лицата ------------ сопруга од прв братучед и --------- сопруга на брат од -------------, не се опфатено со поимот блиско лице, односно не се сметаат за роднини по сватовство.

При вака утврдена фактичка состојба по конкретниот предмет, ДКСК утврди дека нема елементи што укажуваат на понатамошно постапување заради постоење на судир на интереси согласно член 77 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д, член на ДКСК